НАШЕ СОНЦЕ
МКД „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
КРАЊ, СЛОВЕНИЈА
Септември, 2011
Број 12





# НАШЕ СОНЦЕ



Денот на МО Крањ одбележан во МКД „Св. Кирил и Методиј“

Верски празнувања 2011: Божик, Василица, Велигден

Претседателот Иванов во официјална посета на Словенија

Ликовни изложби: Возељ, Торч, Андонов

Музеите поврзуваме: Македонска заедница во Градски музеј Љубљана

19. Мајски денови на македонската култура

Интервју со Д-р Димитриевски, снимено за емисијата Омизје, на РТВ Словенија

Убавините на Македонија (езера и водопади во Македонија)



## Вовед

Од печат излезе 12-тиот број на весникот „Наше сонце“. Во „Наше сонце“ бр.12 како главен настан се наметнуваат 19-тите Мајски денови на културата, посветени на браќата Св. Кирил и Методиј, кои се одржаа во мај, годинава. Секако во овој број на весникот пишуваме и за други настани како што се одбележувањето на денот на МО Крањ, посетата на претседателот на Македонија, г-динот Ѓорге Иванов, на Словенија, проектот „Музеите поврзуваме“, многубројни изложби, спортски настани, забави и верски празнувања.

Ви претставуваме интервју со г-динот д-р Илија Димитриевски, снимено за емисијата „Омизје“, на РТВ Словенија, на тема новоформираниот Совет за прашања на народните заедници на припадниците на народите од некогашна СФРЈ во Словенија.

Се надеваме дека настаните кои се претставени во весникот ги исполнуваат вашите очекувања и дека со интерес го читате истиот.

Електронската форма на весникот е достапна на нашите интернетни страни:

www.mkd-kim.si и

www.mkc-kranj.si

Од уредниците

**Издавач на весникот:**

МКД „Св. Кирил и Методиј“ Крањ

Адреса: Савска цеста бр.34, Крањ, Словенија

Весникот „НАШЕ СОНЦЕ“ излегува еднаш до два пати годишно

Весникот е бесплатен. Тираж 300 примероци

**Автори на весникот:**

Сандра Симоновска

Дарко Атанасов

Даниел Атанасов

Игор Захариев

**Дизајн и техничко уредување:**

Игор Захариев

# Денот на МО Крањ одбележан во МКД „Св. Кирил и Методиј“

По повод денот на МО Крањ, 3. декември, во просториите на МКД „Св. Кирил и Методиј“ се одржаа неколку настани.




Приредбата започна во 19 часот, со уводниот говор на д-р Илија Димитриевски, награден со Голема плакета од МО Крањ, за придонес во технолошкиот развој и науката и за активната работа во Македонското културно друштво „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ. Г-динот Димитриевски истакна дека заслужни за оваа награда се сите активни членови на друштвото.




Потоа следеше заклучната приредба на проектот „Прешерново оро, Крањ 2010“, чиј софинансиер е МО Крањ. На приредбата учествуваше поетот Јовица Ивановски од Скопје, претставник на помладата генерација македонски поети. Тој се претстави со рецитирање на неколку свои песни. Разговорот со поетот го водеше доцент д-р Намита Субиото, од Филозовскиот факултет при Универзитетот во Љубљана.




Приредбата продолжи со завршната изложба во склопот на проектот „Ликовна мултилатерала, Крањ 2010“, на која се претстави ликовниот уметник Радо Дагарин. Изложбата ја отвори градоначалникот на Општина Крањ, г-динот Мохор Богатај. Дагарин изрази задоволство поради големиот број присутни на отварањето на изложбата, а

не го криеше ниту задоволството од топлиот и срдечен пречек од членовите на нашето друштво во Македонскиот културен центар.

Приредбата по повод денот на МО Крањ беше заклучена со кулинарична вечер со македонска храна и пиење и македонска народна музика, која се свиреше во продолжението на вечерта.







## Верски празнувања 2011

### Божик

Денот на Христовото раѓање, Божик е вториот најголем празник во христијанството. Оваа година Македонците од Словенија имаа можност да присуствуваат на богослужба по повод Бадник, на 6-ти јануари и богослужба по повод Божик, на 7-ми јануари. Богослужбите во црквите во Крањ, Љубљана, Јесенице и Марибор ги водеше свештеник од Македонија.



### Велигден

Најголемиот христијански празник, Велигден, годинава сите христијани го славевме на 24-ти април. Свети богослужби се одржаа во градовите Крањ, Љубљана, Јесенице и Марибор. Богослужбите ги водеше свештеник од Македонија.

Попладнето, кај Јепрца се одржа традиционалниот Велигденски собор.



**Православна нова година - Василица**

Дочекот на Православната нова година - Василица, годинава беше организиран на 15-ти јануари во Македонскиот културен центар. За весело расположение се погрижи ансамблот “Маестробенд” од Кочани, со младата пејачка Елена Владимирова.



## Претседателот Иванов во официјална посета на Словенија

Во средината на февруари, претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов престојуваше во дводневна посета на Република Словенија. За време на посетата, Иванов се сретна со словенечкиот колега Данило Тирк, а оствари средби и со премиерот Пахор, потпретседателот на словенечкиот Парламент Миран Потрч, како и со градоначалникот на Љубљана Зоран Јанковиќ.





Иванов присуствуваше на Бизнис форумот во Брдо кај Крањ, на кој беа претставени можностите за деловна соработка меѓу двете земји.

Тој се сретна и со претставници на македонските друштва од Словенија и Сојузот на МКД во Словенија.

# Неколку ликовни изложби организирани во Македонскиот културен центар

## Изложба на академскиот сликар Франце Возељ, по повод културниот празник на Република Словенија

По повод културниот празник на Република Словенија – Прешернов ден, на 5.2.2011 година, во Македонскиот културен центар беше отворена изложба на академскиот сликар Франце Возељ. Изложбата свечено ја отвори градоначалникот на Општина Крањ, г-динот Мохор Богатај. Меѓу гостите беше и новоназначениот амбасадор на Република Македонија во Словенија, г-динот Игор Попов, со голем број свои соработници. Амбасадорот одржа краток говор, во кој се осврна на актуелните прашања во Република Македонија и повика на соработка меѓу сите друштва и амбасадата. Меѓу гостите беа и претседателот на Сојузот на МКД во Република Словенија, г-динот Благоја Настески и претседателот на Сојузот на црногорските културни друштва, г-динот Веселин Лалиќ. Во културната програма учество зеде хорот Билјана од МКД Македонија од Љубљана. Сликарот Франце Возељ изрази големо задоволство поради многубројната публика, срдечното гостопримство на членовите на нашето друштво и богатата кулинарика, која следеше во продолжение.



## Изложба на Тадеј Торч, по повод денот на жената

Денот на жената, 8-ми март беше одбележан со културна програма во Македонскиот културен центар. Заменик градоначалничката на Општина Крањ, г-ѓа Нада Михајловиќ ја отвори изложбата на Тадеј Торч. Младиот сликар изрази големо задоволство и благодарност за топлиот прием во нашето друштво. Програмата беше збогатена со настап на младите фолклористи и со кулинарична вечера.



## Изложба на академскиот сликар Стојанче Андонов

Изложбата на академскиот сликар Сто-

јанче Андонов од Македонија беше организирана во соработка со МПЦЗ (Македонската Православна Црковна Заедница) во Република Словенија. Изложбата беше отворена на 31. март 2011 година во Македонскиот културен центар. Во програмата свое учество зедоа и учениците од Музичкото училиште во Крањ. Делата на Стојанче Андонов добија многу позитивни критики.



## Музеите поврзуваме: Македонска заедница во Градскиот музеј Љубљана

Во рамките на проектот „Музеи поврзуваме", во Градскиот музеј во Љубљана, од 4. до 23. април беше претставена македонската заедница. Изложбата на 4. април ја отворија м-р Елизабета Канческа Милевска, министер за култура на Република македонија и Мајда Ширца, министер за култура на Република Словенија.

На програмата беше семинар за ментори на фолклорни и музички групи, дебата на тема секојдневните предизвици на Македонците во Словенија, претставата за деца и млади „Со игра против дрогата", настап на македонски фолклорни групи и концерт на пејачкиот хор Билјана. Се одржаа неколку филмски вечери, поетска вечер, кулинарична вечер, ликовни работилници за деца, концерти, театарски претстави и друго.

Во организацијата на „Музеите поврзуваме: Македонска заедница во Градскиот музеј Љубљана" голем придонес дадоа македонските културни друштва во Словенија и Сојузот на МКД во Словенија.



## 19-ти Мајски денови на македонската култура

Во Македонскиот културен центар во Крањ, од 20-ти до 29-ти мај оваа година се одржаа 19-тите Мајски денови на културата, посветени на сесловенските просветители, браќата Св. Кирил и Методиј. На програмата на овие Мајски денови беа неколку интересни настани. Ги издвојуваме настапот на мешаниот хор на Македонското културно друштво Македонија од Љубљана, изложбата на графики на сликарот Франц Мачек, настапот на театарската група ДТ ТРИУМФА од Битола со претставата „Ромео од СДСМ и Јулија од ВМРО", турнирот во мал фудбал, шаховскиот турнир и целовечерниот концерт на македонски фолклорни групи од Словенија.

### Отварање на Мајските денови

- Настап на мешаниот хор на Македонското културно друштво Македонија од Љубљана



- Изложба на графики на сликарот Франц Мачек

Мајските денови беа отворени со настапот на мешаниот хор на Македонското културно друштво Македонија од Љубљана и изложбата на графики на академскиот сликар Франц Мачек. Мешаниот хор на МКД Македонија се претстави со неколку македонски и словенечки песни, за што беа наградени со аплауз од бројната публика.



## Ромео од СДСМ и Јулија од ВМРО




Во време на предизборие во Република Македонија, комедијата „Ромео од СДСМ и Јулија од ВМРО“ беше правиот избор на драмска претстава. „Ромео од СДСМ и Јулија од ВМРО“ е шекспировата „Ромео и Јулија“, гледана низ призмата на денешницата. Со претставата младите актери го изразуваат својот револт и го исмејуваат интензивното присуство на политиката во секојдневниот живот на Македонецот. Дејствието на претставата содржи иста тематика како шекспировото дело, адаптирана на денешницата. И овде се раѓа љубов меѓу двајца млади - Ромео и Јулија, чии семејства се членови на спротиставени политички партии. На почетокот тие не ја одобруваат и дозволуваат оваа љубов, но на крајот попуштаат, љубовта победува и претставата завршува со среќен крај.




Улогите во претставата професионално ги одигра три члената група актери од ДТ Триумфа од Битола, која ја сочинуваа Александар Лозановски, Бисера Бендевска и Анамарија Гроздановска. Претставата е во режија и адаптација на Александар Лозановски и Бисера Бендевска, а во продукција на ЈАК Триумфа од Битола, Македонија.

**Турнир во мал фудбал**

Во недела на 22.5.2011 година, во рамките на 19-тите Мајски денови на културата, на ракометното игралиште во ОУ Луцијан Сељак во Стражишче се одржа традиционалниот турнир во мал фудбал.

Поканети беа неколку културно-спортски друштва од Словенија. На турнирот учество зедоа екипите на СКПД Свети Сава - Крањ, КД Брдо - Крањ, Аспект - Железники (МКД Вардар), МКД Илинден - Јесенице и екипата организатор - МКД „Св. Кирил и Методиј“ - Крањ.



Се играше систем секој со секого, така да секоја екипа ги одмери силите со сите останати екипи. На крајот најуспешна беше екипата на СКПД Свети Сава, која го освои првото место. Другото место го освои екипата на Аспект, трета беше екипата на КД Брдо, додека четвртото место и припадна на екипата на МКД Илинден од Јесенице. Последна беше екипата на домаќините, МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ.

| | | |
|---|---|---|
| Аспект | КД Брдо | 2:0 |
| Свети Сава | Св.Кирил и Методиј | 3:1 |
| КД Брдо | МКД Илинден | 1:1 |
| Св.Кирил и Методиј | Аспект | 0:2 |
| КД Брдо | Свети Сава | 1:3 |
| МКД Илинден | Св.Кирил и Методиј | 3:2 |
| МКД Илинден | Свети Сава | 0:4 |
| КД Брдо | Св.Кирил и Методиј | 6:2 |
| Аспект | МКД Илинден | 5:1 |
| Свети Сава | Аспект | 2:2 |

Се одржа и натпревар во изведување



| | Екипа | Натпревари | Гол + | Гол - | Гол разлика | Бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Свети Сава | 4 | 12 | 4 | +8 | 10 |
| 2. | Аспект | 4 | 11 | 3 | +8 | 10 |
| 3. | КД Брдо | 4 | 8 | 8 | 0 | 4 |
| 4. | МКД Илинден | 4 | 5 | 12 | -7 | 4 |
| 5. | Св.Кирил и Методиј | 4 | 5 | 14 | -9 | 0 |




пенали, каде првото место го освои Рок Бештер.

Првопласираните екипи и најдобриот изведувач на пенали беа наградени со пехари.

Организацијата на турнирот во мал фудбал беше изведена успешно.

**Турнир во брзо потезен шах**

Во Македонскиот културен центар, во склопот на Мајските денови на културата се одржа турнир во брзо потезен шах. Првото место го освои Перич Бернард од ШК Загорје об Сави. Второто место го освои Кершич Матеј, а третото место му припадна на Јурош Живко. За одличната организација се погрижи Станко Атанасов.







**Целовечерен концерт на македонски фолклорни групи од Словенија**

На завршната вечер на 19-тите Мајски денови на културата, посветени на браќата Св. Кирил и Методиј присуствувавме на одличен целовечерен концерт на македонски фолклорни групи од Словенија. Настапија фолклорните групи на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ, „Калина“ од Љубљана, „Охридски бисери“ од Нова Горица и МКД „Илинден“ од Јесенице.





Најмалите членови на фолклорната група на МКД „Св. Кирил и Методиј“ го отворија концертот и се претставија со неколку ора и песни. Нивниот настап беше награден со огромен аплауз од многубројната публика.

Потоа со сплетот „Преспански игри“ се претставија фолклористите од МКД „Св. Кирил и Методиј“.

Ветераните од МКД „Илинден“ го изведоа сплетот на народни ора и песни.

Фолклорната група „Калина“ од Љубљана се претстави со сплетот „Женско чамче“, а ги испеаја и песните „Девојче, девојче“, „Седело Ѓуре“ и „Зурли трештат на сред село“.



Фолклористите од МКД „Охридски бисери“ од Нова Горица премиерно го изведоа сплетот „Водарки“.

На крајот, повторно на бината излегоа фолклористите на организаторот, МКД „Св. Кирил и Методиј“ и се претставија со сплетот „Поселје“.



Завршната вечер на 19-тите Мајски денови на културата продолжи со забава со музика во живо.







# Во Брдо кај Крањ се одржа 2$^{-от}$ саем на невладини организации

На 5. јуни годинава во Брдо кај Крањ се одржа 2$^{-от}$ саем на невладини организации кои работат на просторите на Општина Крањ. Саемот веќе втора година се одржува во склопот на традиционалниот „Жупанов тек“, годинава 11$^{-ти}$ по ред.

И оваа година промотивна екипа на друштвото МКД „Св. Кирил и Методиј“ успешно го претстави и промовираше самото друштво и нашата држава, со традиционални македонски јадења, носии, македонското знаме и разни предмети карактеристични за нашата држава и нашиот народ.



Голема благодарност до д-р Илија Димитриевски, Павлина Станенковска, Јагода Боболинска, Методи Златков, Сандра Симоновска и ресторанот „Македонка“ од Крањ, кои ја сочинуваа промотивната екипа.



# Посета на Горњи Град

Иако е лето, некои секции од нашето друштво не знаат за одмор. На 2-ри јули годинава во посета на Горњи Град беа младинската и детската фолклорна секција, рецитаторската секција и кулинарската секција. На жителите од идиличниот крај им беше претставен дел од македонската култура која ја негуваме во МКД „Св. Кирил и Методиј“.



Најпрво пред присутните, со поздравен говор се претстави претседателот на нашето друштво, д-р Илија Димитриевски.

Потоа бината ја заседоа играорците и рецитаторите. Младинската фолклорна



група се претстави со кореографиите „Егејска Македонија“ и „Поселље“, додека детската група го одигра „Бувчанското оро“ и запеа неколку кратки песни.

Г-динот Ефтим Зашев запеа неколку стари народни песни, меѓу кои и една авторска.

Добро посетената приредба беше завршена со македонски јадења и вина од различни краеви на Македонија.

Благодарност до членот на друштвото, Христијан Стаменковски, кој ги поврза двете друштва.



## Интервју со Д-р Илија Димитриевски, снимено за емисијата Омизје, на РТВ Словенија

На 16.6.2011 година беше основан Совет за прашања на народните заедници на припадниците на народите од некогашна СФРЈ во Словенија, при владата на Република Словенија, а под раководство на министерката за култура на Словенија, Мајда Ширца. По повод основањето на Советот, ден претходно, на РТВ Словенија, во емисијата Омизје, беше прикажано интервју со д-р Илија Димитриевски. Од страна на новинарката Петра Прешерен му беа поставени неколку прашања, кои дополнети со одговорите (на словенечки јазик), ви ги претставуваме:

**VPRAŠANJA:**

**- Koliko pripadnikov makedonskega naroda živi v Sloveniji?**

Po popisu iz leta 1991 je v Sloveniji živelo 4371 pripadnikov makedonske narodnosti z državljanstvom RS. Po podatkih za leto 2003 je bilo še 3972 istih pripadnikov. Danes ocenjujemo da v Sloveniji živi skupaj cca 10.000 Makedoncev.

**- Kakšen status ima makedonska narodna manjšina v Sloveniji?**

Po Deklaraciji DZ z dne 1. februarja 2011 smo Makedonci v Sloveniji narodna skupnost, kar pomeni, da nam pripadajo kolektivne manjšinske pravice. Ministrstvo za kulturo nas je 15 let v vseh dokumentih vodilo kot priseljence vse do junija letos, ko je po intervenciji Zveze zvez v pomemben dokument Analiza za pripravo strategije na področju kulture do leta 2015 vključena Deklaracija DZ in nas MK od sedaj obravnava kot manjšinsko narodnostno skupnost na osnovi te sprejete Deklaracije.

**- Bi si želeli, da vas Republika Slovenija prizna za manjšino? Oziroma kakšen status bi si želeli?**

Cilj makedonske skupnosti je priznanje kolektivnih pravic v vseh zakonskih in izvedbenih aktih, ki se nanašajo na te pravice pa vse do ustavnega poimenovanja v Ustavi R Slovenije.

**- Kaj bi vam to priznanje prineslo (negativne in pozitivne posledice)?**

Del prebivalstva Slovenije še danes ne podpira delovanje Zveze zvez KD Slovenije v smeri priznanja kolektivnih pravic, češ da imamo priznane vse individualne človekove pravice. Stališče Zveze zvez pa sedaj, upam, tudi Ministrstva za kulturo RS je, da moramo uveljaviti kolektivne pravice in načelo pozitivne diskriminacije, če hočemo doseči primerno in ne konfliktno integracijo manjšinskih skupnosti v slovensko družbo.

**- Kaj za vas pomeni sprejetje Deklaracije o politiki Republike Slovenije do novih narodnih skupnosti?**

V Deklaraciji smo bili prvič v uradnem dokumentu poimensko navedeni pripadniki konstitutivnih narodov nekdanje skupne države Albanci, Bošnjaki, Črnogorci, Hrvati, Makedonci in Srbi (ABČHMS) kot manjšinske skupnosti, ki tvorijo več kot




10% prebivalstva R Slovenije po osamosvojitvi. S tem dejanjem je R Slovenija izpolnila priporočila mednarodnih institucij za začetek urejanja našega statusa in seveda zahteve naše Zveze zvez, ki je bila pobudnica Deklaracije.

**- Integracijska ali manjšinska politika države do makedonske manjšine?**

Zavzemamo se za pravo integracijsko politiko, kajti se zavedamo pasti getoizacije pri izvedbi striktne manjšinske politike.

**- Kakšne so vaše pravice?**

Pripadniki makedonske skupnosti uživamo vse individualne človekove pravice, ki nam jih zagotavlja Ustava RS in pozitivna zakonodaja.

**- Ali so pravice vaše manjšine že zagotovljene z določili o človekovih pravicah in svoboščinah kot so zapisane v Ustavi, na primer z 61. Členom (Vsakdo ima pravico, da svobodno izraža pripadnost svojemu narodu in narodni skupnosti, da goji in izraža svojo kulturo in uporablja svoj jezik in pisavo.)?**

Makedonska manjšinska skupnost je pretežno dobro integrirana v družbeno življenje Slovenije, obnašamo se tolerantno in nevsiljivo tako do večinske slovenske kot tudi drugih manjšinskih skupnosti v R Sloveniji. Smo relativno dobro samo organizirani in izvajamo vrsto kulturnih projektov, ki utrjujejo sobivanje v skupnem prostoru sobivanja.

**- Kaj bi si še želeli, da bi se izboljšalo na področju vaših pravic?**

Uresničevanje kolektivnih pravic mora podpirati zakonodaja in drugi izvedbeni akti. Na državni in lokalni ravni bi se moralo uveljaviti načelo pozitivne diskriminacije do ogroženih narodnostnih skupnosti, zaradi več ali manj naravno pogojene asimilacije v večinsko skupnost. S tem bi se izgubila kulturna raznolikost in del ustvarjalnega potenciala, ki bi prispeval k

splošnemu napredku Slovenije.

**- Kakšno je sodelovanje med makedonskim in slovenskim narodom na državni ravni? Kakšna je komunikacija z državo?**

Na državni ravni je bilo politično sodelovanje med državami zelo dobro. Slovenija v svojih osamosvojitvenih procesih je bila in je še vedno vzornica Makedoniji. Na kulturnem področju so se po osamosvojitvi Slovenije potrgale vezi bogate kulturne izmenjave med ustanovami obeh držav in se počasi postavljajo na vse višji ravni. K temu smo bistveno pripomogli tudi Makedonci, ki živimo v Sloveniji in smo lojalni državljani.
- Koliko denarja dobite od Republike Slovenije (iz katerih skladov dobite **denar)?**

Prispevki na državni in lokalni ravni RS so odločno nesorazmerni številu pripadnikov naše in drugih manjšinskih skupnosti v primerjavi z Italijani, Madžari in Romi, ki imajo urjen zakonski status manjšin. Delež pokritosti programov lahko razložim na primeru MKD sv. Ciril in Metod. Glavni vir sredstev je bil pridobljen na razpisih MK RS za priseljence v obliki projektov, ki je bil v letu 2010 izvedbeno prestavljen na Javni sklad za KD RS. Obseg pridobljenih sredstev je od leta 2005 v stalnem padanju, zaradi vse večjo aktivnost in prijav društev iz iste kategorije. V letu 2011 smo podpisali pogodbe za 5000 €. Na razpisih MO Kranj, kot eno od najaktivnejših društev smo podpisali pogodbe za 4.277 € in so ravno tako v stalni stagnaciji, kljub mojim naporom kot vidnega člana v Mestnem svetu MO Kranj. Stroški najemnine, ogrevanja in priključkov za makedonski kulturni center presegajo 7000 € letno in smo pred težko odločitvijo kako naprej, ker samo požrtvovalno in brezplačno delo ne zadošča za obseg doseženega programa in brez njegove realizacije bi bili praktično brez sredstev.

**- Bi si želeli več finančnih sredstev za vaše dejavnosti?**

To je iz prej povedanega samoumevno. Poleg programskega vidika je zelo pomembna organiziranost. Ta pri doseženi ravni ne more biti v celoti naslonjena na prostovoljni bazi. Nekatere aktivnosti so dosegli takšen obseg, da je potrebna delna profesionalizacija na ravni Zveze ali društev.

**- S katerimi dejavnostmi vse ohranjate vaše kulturno izročilo?**

Med pomembnejšimi so vsekakor folklorne skupine, instrumentalne skupine in pevski zbori. Naša folklorna in glasbena skupina ima preko 30 nastopov letno. V naši galeriji organiziramo do šest samostojnih razstav akademskih slikarjev iz področja Zahodnega Balkana, največ slovenskih zaradi carinskih formalnosti in stroškov. Srečanja literatov iz Makedonije in Slovenije v sklopu prireditve Prešernovo oro in drugih je stalnica delovanja. Vsaj enkrat letno pripeljemo manjše gledališke skupine s celovečernimi predstavami. Tematska predavanja in folklorne delavnice ter vaje skupin so naša stalnica. Ravno tako organiziramo šahovske in športne prireditve, predvsem v malem nogometu, poskusi so bili tudi v košarki in drugo. Spletne strani vzdržuje večina naših društev in izdaja interna informativna glasila ali pa revije.

**- Ali je vaša manjšina v zadovoljivi meri politično zastopana skozi strankarski**




**sistem Republike Slovenije? (posvetovalna telesa, odločevalska telesa ipd.)**

Za sedaj ne obstajajo organizirane oblike vključevanja v politično in strankarsko življenje s strani organiziranih manjšinskih skupnosti. Vse je prepuščeno individualni vključenosti posameznikov v obstoječi sistem. Imamo pa sedaj tudi Makedonci v Sloveniji svojega predstavnika v Svetu pri Vladi RS, ki bo zastopal naše kolektivne pravice.

**- Ali je trenutno v slovenskem političnem prostoru sploh interes za to, da bi pripadniki vaše manjšine sodelovali pri vodenju države?**

V dosedanjih stikih s politiki smo prišli do spoznanja, da se bo težko uveljaviti v slovenskem političnem prostoru, v tem trenutku veliko pričakujemo od omenjenega Sveta pri Vladi.

**- Kaj si še želite na tem področju?**

V prvi vrsti bi morali v Deklaraciji zapisana načela preko Sveta, ki je se končno ustanavlja 16. junija 2011.

**- S kakšnimi težavami se srečujete pri integraciji v slovensko družbo?**

Zadržanost in previdnost pri sprejemanju pripadnikov drugih narodnosti je stereotip za Slovence. Na individualni ravni pa se kmalu vzpostavi primeren in prijateljski odnos do drugih.

**- Kakšen odnos imajo Slovenci do vas?**

V več kot 50 letih bivanja sem ustvaril odlične odnose s Slovenci. Do mene se obnašajo kot do dobrega znanca in večji meri podpirajo moja prizadevanja za priznavanje kolektivnih manjšin. V razvoju odnosov v prostoru v katerem Živim in delujem ter vlagam vse svoje moči in sposobnosti za boljši danes in jutri.

**- Kaj pa mediji, bi si želeli več medijske pozornosti?**




Od pojava Zveze zvez je naša pojava v medijih neprimerno boljša, vendar še vedno nezadostna, občasna in kampanjska. Javni mediji, predvsem RTV Slovenija mora narediti bistveno več. Verjamem, da bo prišlo kmalu do pomembnih premikov tudi na tem področju.

**- Ali imate na voljo kakšne medije skozi katere lahko ohranjate svojo kulturo?**

Članice naše Zveze imajo po večini svoje spletne strani in interna glasila, ki občasno izhajajo. V MKD sv. Ciril in Metod se trudimo ohranjati pri življenju revijo Naše sonce z dvema št. letno, ki predstavlja nekakšen zapis delovanja našega društva in širše okolice skozi očala naše skupnosti.

Во прилог на интервјуто, го претставуваме известувањето на Амбасадата на Република Македонија во Република Словенија во врска со Декларацијата на Република Словенија за положбата на народните заедници на припадниците на народите од некогашна СФРЈ во Република Словенија, која беше прифатена во парламентот на Словенија, на 1.2.2011 година.

**EXYUMAK ZVEZA ZVEZ KULTURNIH DRUŠTEV**
**EXYUMCO konstitutivnih narodov in narodnosti nekdanje SFRJ v Sloveniji**

**Ljubljana, Celovška 177** **Datum: 19. februar 2011**

**АМБАСАДА НА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА**
**ЉУБЉАНА**
**Рожна долина IV/2**

Н. Е. г. Игор Попов, амбасадор на Македонија во Република Словенија

Државниот собор на Република Словенија на 1. февруари 2011 ја прифати ***Декларацијата на Република Словенија за положбата на народните заедници на припадниците на народите од некогашна СФРЈ во Република Словенија.*** Декларацијата е објавена во Службениот весник на Република Словенија бр. 7 од 4.2.2011. Во прилог ви испраќаме копија на овој број на Службениот лист.

Со оваа Декларација по прв пат по распаѓањето на некогашната заедничка држава и установувањето на самостојна и независна Република Словенија на највисокиот политички ранг во државата е службено потврдено националното име на Албанците, Бошњаците, Црногорците, Хрватите, Македонците и Србите како народни заедници, кои живееме во Република Словенија и сакаме да го очуваме и развиваме својот народен индентитет. Декларацијата отвара патеки за правно и институционално уредување на сите прашања на различни подрачја на народно мањинската тематика, за која припадниците на мањинските организации веќе во 2003 се поврзавме во интересно здружение EXYUMAK/EXJUMCO, ОД 2006 сме формално поврзани во Сојуз на сојузите на културните друштва на конститутивните народи на некогашна СФРЈ во Словенија.

Со задоволство овде истовремено ве известуваме за два факта. Прво. Иницијативата за прифаќање на Декларацијата и нејзината содржина се создаде во нашиот Сојиз на сојузите, исто така усогласениот текста на Декларацијата е заедничко дело на групата на на пратеници во Државниот собор, како официални предлагачи и на нашиот Сојуз на сојузите. Фторо. Со понос насочуваме дека нашиот Сојуз на сојузите успеа, да ја убеди најголемата опозициона партија во државниот собор, Словенската демократска странка(СДС), да и она ја поддржи предлогот на Декларацијата во Државниот собор и нејзините пратеници го одржаа своето ветување. Така за Декларацијата гласаа 63 пратеника (3 против, 6 воздржани) од 72 присатни односно од 90 сеукупно пратеника во Државниот собор на Република Словенија.

Веруваме, да успоставените многу добри односи со одговорните субјекти во политичките и државните структури ќе ни користат за полесно и брзо средување на овдешната народно мањинска проблематика. Со надеж дека ќе успееме во нашите понатамошните напори и активности, одобрување и поддршка на државата Македонија.

Со почит, Преседателството на Сојузот на сојузите

# Убавините на Македонија (прв дел)

## Езера во Македонија

Во Република Македонија има околу 53 природни и вештачки езера. Најголемо е Охридското езеро со површина од 358,2м2 (118.9м2 припаѓа на Албанија) и има најголема длабочина од 289м. Се наоѓа на надморска височина од 695м. Во 1980 година Охридското Езеро и градот Охрид се прогласени за Светско културно наследство, под заштита на УНЕСКО. Светската важност на езерото се потврдува во 2010 год. кога НАСА и Меѓународната астрономска унија решаваат едно од езерата на Урановата месечина Титан да го носи името „Охридско Езеро“. Второ по големина е Преспанското езеро. Се наоѓа на крајниот југозападен дел од Република Македонија, на тромеѓето меѓу Македонија, Грција и Албанија. Има површина од 275км2 (49.4км2 припаѓа на Албанија и 47.8км2 припаѓа на Грција) и е со максимална длабочина од 54м. Третото тектонско езеро во РМ претставува Дојранското езеро со 43км2 (помал дел припаѓа на Грција). Водата во ова езеро беше на многу ниско ниво пред неколкиу години, поради сушите и прекумерната употреба на водата во земјоделството, но последниве години ситуацијата е подобрена.

Покрај овие тектонски езера има и доста леднички езера кои се значително помали и се обично на планините. Нив ги има на планините: Шар Планина, Пелистер, Јакупица и Јабланица. Од нив попознати се: Ливадичкото, Боговинското и Караниколичкото на Шар Планина и Големото и Малото Езеро на Пелистер.

Во Македонија се создадени и неколку вештачки езера од кои најпознати се: Матка на реката Треска, Мавровското Езеро, Дебарското Езеро, Тиквешкото Езеро на Црна Река, Младост, Калиманци на реката Брегалница, Липково, Градче, Мантово, Суводол и други. Најголемо е Тиквешкото езеро со површина од 14км$^2$.



*Караниколичкото езеро се наоѓа на Шар Планина, на надморска височина од 2300 метри.*

## Водопади во Македонија

Корабскиот водопад се наоѓа на планината Кораб, под врвот Мал Кораб, на кањонот на Длабока река. Водопадот се напојува од снеговите што се топат и од мали извори под Мал Кораб. Затоа препорачливо е да се посетува во месеците мај, јуни и јули. Ова е најголемиот водопад во Македонија, а воедно и на Балканот, со висина од над 130м.



*Корабски водопад*

Колешинскиот водопад се наоѓа во југоисточниот дел на Македонија, на северните падини на планината Беласица, во долниот тек на реката Баба, на надморска височина од 500 м. Висок е 15м, со широчина на падот од околу 6м. Според постанокот тој е тектонски водопад, создаден во гранитни стени.

Смоларскиот водопад се наоѓа на северните падини на планината Беласица, по текот на реката Ломница, на надморска висина од 600м, во регионот на селото Смолари.

Вкупната височина на вертикалниот отсек на Смоларскиот водопад изнесува 39,5 метри. Водопадот е тектонски предиспониран со раседна структура која лежи попречно на правецот на течењето на водата на Смоларска река. На дното од водопадот формиран е џиновски лонец, чија должина во правец на течењето на речната вода изнесува 5 метри, широчината е 11 метри, а длабочината се движи од 0,5 до 0,7 метри.

Водопадот Дуф се наоѓа во близина на селото Ростуше, во долината на реката Радика. Водите се спуштаат низ карпест засек со височина од околу триесетина метри. Притоа, се создава завеса од ситни капки што освежуваат од пешачењето и од тропските горештини. Тука температурата постојано е околу 15 Целзиусови степени.

Напролет, кога се топат снеговите од планината Крчин, водопадот е многу поголем и глетката е поимпресивна.

Жените од Ростушкиот регион на бистрите води од водопадот пред неколку децении ги переле алиштата и рувото, се подготвувале за празниците и свадбите. Исто така, водите се користеле за производство на струја во првата електрична централа што била изградена во регионот.

Други водопади во Македонија се водопадот на Битушка река, водопадот Ѓеневица, водопадот на Обесена река, водопадот на Тресонечка река и други.

**Адреса:**
Савска цеста бр.34
4000, Крањ, Словенија

**Телефони:**
+386 (0)4 2369 588
+386 (0)4 2369 589
+386 (0)40 572 785

**Интернет страни:**
www.mkd-kim.si
www.mkc-kranj.si

**E-mail:**
mkd.kranj@gmail.com
http://www.facebook.com/mkd.kim

Projekt “Informacijski center - Naše sonce” je sofinanciral Javni sklad za kulturne dejavnosti Republike Slovenije

## Спонзори и донатори

### Спонзори:

Iskratel d.o.o.
Avtoprevozništvo Rade Stoilov s.p.
Savatech d.o.o.
Zebra d.o.o. Kranj
Maktrans d.o.o. Ljubljana
Novateks d.o.o. Ljubljana
Vinojug d.o.o. Šenčur
Avto šola Expert s.p. Kranj

### Донатори:

Javni sklad za kulturne dejavnosti Republike Slovenije
Ministrstvo za kulturo Republike Slovenije
Mestna občina Kranj
Tabakum import export d.o.o.
Sava d.d.
Амбасада на Република Македонија во Република Словенија